Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

од Стотата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 20 август 2021 година

Скопје, август 2021 година

**З А П И С Н И К**
**од Стотата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 20 август 2021 година**

Седницата на Владата што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 17:45 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата: м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Ирена Стефоска, министер за култура и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваа и Снежана Наџаковска и Ирена Арнаудовска Малинкова од Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваше и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски.

На седницата учествуваше и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања м-р Никола Димитров и членовите на Владата м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски.

*

*          *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Информација за предлагање начин на надминување на актуелната состојба во врска со издавање на обрасците на новите лични карти

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за предлагање начин за надминување на актуелната состојба во врска со издавањето на обрасците на новите лични карти, ја усвои Информацијата и заклучи:

- Се задолжува министерот за внатрешни работи да ги превземе сите потребни активности во врска со донесувањето на подзаконскиот пропис за издавање на обрасците на новите лични карти согласно наводите во текстот на Информацијата.

**Точка 2**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 3**

1. Владата го разгледа и го прифати Известувањето во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштитата на јавното здравје од илегална миграција

во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS – CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението за период од 12 август 2021 до 18 август 2021 година и заклучи согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија

2. Владата го одложи Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемената појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија за период од 12 август 2021 година до 18 август 2021 година, за наредната седница на Владата поради потребата во деталниот преглед да бидат наведени сите вклучени субјекти, искористени материјално – технички средства, армиските сили, припадниците на Министерството за внатрешни работи, како воздухопловните, така и пешадиските единици.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17:55 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Мухамед Зеќири**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Зоран Заев**